## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

### од Сто и осумнаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 22 декември 2005 година

Седницата се одржа во салата за седници на Република Македонија со почеток во 12,06 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Дами и господа пратеници, ја отворам 118-та седница на Собранието на Република Македонија .

На седницата се поканети Претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија, претседателот на Уставниот суд на Република Македонија, претседателот на Врховниот суд на Република Македонија, претседателот на Републичкиот судски совет, Јавниот обвинител на Република Македонија, Народниот правобранител на Република Македонија, Јавниот правобранител на Република Македонија, началникот на Генералштабот на Армијата на Република Македонија, гувернерот на Народната банка на Република Македонија, Архиепископот Охридски-македонски, заменикот на Реисул - Улема на Исламската верска заедница, Скопскиот бискуп и Апостолски Егзарх, проповедникот на Евангелско-методистичка црква, претедателот на Еврејската заедница во Република Македонија и шефовите на странските Дипломатско конзуларни мисии акредитирани во Република Македонија .

Дозволете ми, во мое и ваше име да ги поздравам присутните гости.

(Аплауз)

Оваа седница ја свикав по барање на Претседателот на Република Македонија, господин Бранко Црвенковски.

Го молам претседателот на Република Македонија, господинот Бранко Црвенковски, да му се обрати на Собранието.

**Бранко Црвенковски:** Почитуван Претседателе, почитувани пратеници, почитуван Премиер и членови на Владата, Ваши Екселенции, ценети гости,

Крајот на годината е период во кој вообичаено се прават анализи за претходно постигнатото, се евидентираат резултатите и констатираат пропустите и грешките. Тоа се прави во сите сфери на живеењето, а наша обврска е да го сториме истото во делот на политиката и водењето на државните работи.

Убеден сум дека и овојпат ќе имаме прилика да слушнеме цела лепеза од различни, па дури и спротиставени оценки. Најчесто ќе се повторуваат токму оние кои претставуваат две крајности. Според првата, ова е уште една целосно изгубена година, година на понатамошно пропаѓање, на катастрофални грешки и пропусти. Според втората, онаа на спротивната страна, ќе се тврди дека 2005-та била година на успешни реформи, на значаен напредок, на долгоочекуваниот пресврт и враќање на оптимизмот.

Се разбира, како и секогаш во животот, вистината е некаде на средина. Форсирањето на крајностите како единствена и апсолутна вистина е можеби дневно-политички разбирливо и од партиски аспект оправдано, но долгорочно и низ призмата на националните интереси гледано тоа е штетно и контрапродуктивно.

На Македонија денес не и е потребен ниту дефетизам ниту лажен оптимизам. Нема основа и причина, ниту за ширење песимизам, ниту за создавање еуфорија.

Денес, повеќе од било кога, потребна ни е објективна проценка и реален, рационален пристап кон водењето на државните работи. Не толку заради она што помина и е зад нас, туку пред се заради она што допрва претстои и не очекува.

Кога би морал во една реченица да ја оценам или да ја дадам главната карактеристика на изминатава година, тогаш би рекол: во 2005-та не ја подобривме значајно сегашноста, но во 2005-та, авансиравме крупна инвестиција за иднината.

На планот на економијата, тема која сосема разбирливо е централна преокупација на целата јавност и ги засега сите наши граѓани и нивните семејства, според статистичките податоци, во изминатава година бележиме одреден пораст. Можеби не значаен, можеби не таков каков што посакувавме, но тоа е раст кој треба да се констатира. Сепак тоа не е напредок кој е доволен да се почувствува во реалниот живот на нашите граѓани.

Факт е дека и денес, како и пред една година, во ист обем и со иста жестина не притискаат огромната невработеност, големата сиромаштија, слабата економија и исклучително ниското ниво на инвестиции.

Со други зборови, во Македонија денес не се живее подобро отколку пред една година. Но, Македонија денес ја доби, поточно речено се избори за шансата во неа во иднина да се живее многу подобро отколку сега.

Кандидатскиот статус за членство во Европската унија со кој се стекнавме пред една недела, за Македонија е историска прилика која не смееме да ја пропуштиме.

Тој статус сам по себе не ги решава нашите проблеми, но од друга страна ни нуди нови можности кои, ако знаеме умешно да ги искористиме, може да го претставува оној неопходен замаец на кој чекавме со години наназад .

На оваа одлука на Брисел долго се работеше. Јас би рекол уште од референдумот за независност, на 8-ми септември 1991 та година. Не гласаа тогаш нашите граѓани за независна и

во балкански рамки изолирана Македонија, туку за независна и европска Македонија.

Во изминативе 14 години многу се вложи, многу се жртвуваше, многу висока цена се плати за да дојдеме до овој успех. Понекогаш се правеа покрупни, понекогаш помали чекори, но секогаш генералната траекторија беше во ист правец, кон истата цел.

Деновиве слушнавме бројни анализи за тоа кој бил нашиот главен и клучен аргумент за да го заслужиме кандидатскиот статус.

Критериумите на Европската унија се бројни и ги покриваат сите сфери на општественото живеење. Сосема е јасно дека од страна на Комисијата беше оценуван и вреднуван вкупниот напредок на земјата.

Но ако нешто треба да се издвои, ако нешто имаше клучно влијание, тогаш убеден сум, а тоа може да се види и од сите документи на Унијата кои се однесуваат на нашата земја, тоа е начинот на кој се справивме со кризата во 2001-та, постигнувањето на Охридскиот рамковен договор, неговото успешно имлементирање и изградбата на Македонија како функционално мултиетничко и мултикултурно општество.

Тоа е она по што денес Македонија е препознатлива, посочувана како успешен пример, нешто што ни го признаваат и почитуваaат и Европа и светот.

И затоа денес, после речиси четири и пол години од потпишувањето на Охридскиот договор, дојде време да престанеме да го споменуваме тој документ со чувство на вина или пониженост, како наметнат избор или нужно зло.

Тој договор, сега веќе вграден во нашиот Устав, е основата на која ја градиме иднината на Македонија. Добрите меѓуетнички односи, меѓусебната доверба, чувството на еднаквост и рамноправност, како и подеднаквата лојалност кон заедничката татковина се цели кон кои се стремиме, кои се сé поблиску и кои претставуваат најсилна гаранција за трајна стабилност и просперитет на нашата држава.

До конфликтот 2001-та не требаше да дојде. Трагично е што сепак се случи. Жалам за сите жртви и сочувствувам со нивните семејства. Но кога веќе тој конфликт се случи и кога ни се закани опасност од целосна катастрофа и национална трагедија, со чиста совест можам да кажам дека го избравме најдоброто можно решение и горд сум што мојот потпис стои на тој договор.

Почитувани пратеници, почитувани членови на Владата,

Во мислењето подготвено од страна на Комисијата на Европската унија јасно се посочени приоритетите на кои треба да се посветиме во наредниот период доколку сакаме напредок во процесот на нашето интегрирање кон Унијата. Тоа се работи за кои и самите сме наполно свесни и кои многу пати сме ги дефинирале како наши слабости.

Да споменам само дел од нив: јакнење на капацитетот на институциите и јавната администрација, реформирање на судството во правец на зголемување на неговата независност и ефикасност, сузбивање на криминалот и корупцијата, подобрување на перформансите на македонската економија.

Ова се сложени општествени проблеми чие надминување бара цврста политичка волја, целосна посветеност, напорна работа, знаење и стручност и, што е многу битно - бара време. Не треба да создаваме илузии дека тука работите можат радикално да се променат со еден потез, со еден закон или одлука, преку ноќ. Тоа ќе биде процес кој ќе трае во континуитет, но она што е најважно е да имаме јасен концепт и негова ефикасна и доследна реализација. И да бележиме постојан и видлив напредок. Стоењето во место и празниот од, од една страна, и импровизациите и необмислените експерименти од друга страна, се подеднакво опасни за крајната цел. Сметам дека на нашиве прилики во голема мера соодветствува една позната мисла која отприлика гласи вака: "Визија без акција е само убав сон. Но, акција без визија е кошмарен сон".

Почитувани пратеници,

Во критериумите посочени од страна на Комисијата на Европската Унија, чие исполнување е неопходно за да се преjде кон следната фаза од процесот, а тоа е одредување на датумот и почнување на преговорите за пристапување, постои и еден за чија реализација не ни е потребен ниту многу напор, ниту посебни експертизи, ни време, ни пари. Потребна е и во исто време сосема доволна само висока свест и одговорност. Тоа е организирање на фер и демократски парламентарни избори според европски стандарди. Треба да бидеме наполно свесни дека на овој план не смее да се случи никаква грешка. Се случи ли тоа, се друго ќе падне во вода.

Огромна е одговорноста и на државните институции кои ќе ги организираат изборите, но и на сите учесници, од чие однесување зависирегуларноста на изборниот процес.

Почитуван Премиер,

Почитувани министри, почитувани лидери на политички партии,

Сакам да ја искористам оваа прилика да ве повикам, да направиме сите заедно сé да организираме избори за пример. Не смее било чија победа да биде поважна од победата на Македонија.

Во програмите на сите политички партии стои одредба дека таа партија има за цел да ги застапува и брани интересите на граѓаните. Па постапете според сопствените програмски определби. Нема повисок интерес за нашите граѓани од тоа да живеат во земја која успешно го продолжува својот пат кон заедничкиот европски дом.

Ги повикувам граѓаните, медиумите, невладините организации, сите оние кои имаат влијание во креирањето на јавното мислење, уште од сега да почнеме да создаваме атмосфера дека тој што ќе помисли, што ќе помисли, а не пак што ќе се обиде да ја повреди регуларноста на изборите, потпишал одлука за сопствено политичко самоубиство. Ова е решлив проблем. Ако сакаме - можеме. Убеден сум дека така и ќе биде.

Почитувани пратеници,

Дозволете со уште неколку зборови да се задржам на евро-интеграциите. Европскиот проект е нашата иднина за кој не постои алтернатива. Тој е во исто време цивилизациски, економски, политички, безбедносен проект. Нашето интегрирање кон Европа во исто време нé интегрира и внатре во земјата, не обединува и на етнички и на политички план околу заедничка прифатлива и посакувана цел.

Станувањето составен дел од обединета Европа ги решава и нашите историски, национални фрустрации на поделен народ и овозможува повторно културно и духовно обединување.

Процесот на интегрирање на земјите од Западен Балкан кон ЕУ е во исто време и процес на трајна стабилизација на регионот, јакнење на меѓусебната соработка и дефинитивно затворање на историското поглавје на меѓусебни конфронтации и конфликти.

Реформите кои ги спроведуваме и стандардите кои мора да ги прифатиме не треба да ги третираме како наметнати од надвор туку како наш сопствен избор, работи кои треба да ги направиме заради самите себе и нашата иднина.

Од денес веќе треба да почнеме многу позасилено и со поголема посветеност да ги подготвуваме генерациите млади луѓе кои ќе имаат доволно храброст да ја прифатат и доволно знаење да ја издржат европската трка и отворената конкуренција.

Затоа реформите на нашиот образовен систем се според мене еден од клучните фактори во подготовките на нашата земја и нација за нашата европска иднина.

Лимитираните економски и финансиски можности не смеат да бидат причина за запоставувањето на квалитетното образование на нашите млади луѓе. Во современиот свет најисплатливата инвестиција е токму онаа во човечки ресурси.

На Македонија и се потребни нови генерации, образовани по најсовремени наставни програми, со совладани вештини за користење на информатичка технологија и познавање на странски јазици.

Почитувани пратеници,

Покрај нашето интегрирање во Европската Унија, втората, веќе одамна дефинирана стратешка определба околу која исто така постои широк консензус е нашето пристапување кон НАТО Алијансата. Впрочем, во голема мера се работи за два меѓусебно поврзани и комплементарни процеси.

Во текот на 2005-та година направивме дополнителен, значаен напредок во реформите на одбраната и безбедносниот систем на Република Македонија. Според оценките од нашите партнери во НАТО Алијансата неопходните промени се одвиваат со динамика дури и побрза од планираната и заеднички договорената.

Од земја некогашен корисник на странско воено присуство, Република Македонија денес прерасна во земја која веќе три долги години го дава својот придонес во меѓународни мировни мисии и на тој начин ја демонстрира својата подготвеност за пристапување кон колективните системи за безбедност.

Нашите војници и старешини вршејќи ја својата должност во Ирак и Авганистан ја афирмираат својата земја на најдобар можен начин.

Одлуката на Алијансата во 2006-та да не расправа за нејзиното проширување не смее да не обесхрабри, да ги забави реформите или да ја намали нашата решеност да се реализираат зацртаните планови. Говориме за стратешка определба, за витален државен интерес и тука е најбитно крајната цел да биде остварена.

Јас не знам кога ќе се одржи следниот самит на НАТО посветен на проширувањето на Алијансата. Впрочем, на ова прашање во овој момент не можат да дадат одговор и многу од земјите членки. Но она во што сум убеден е дека тогаш кога ќе се одржи таквиот самит Република Македонија ќе ја добие поканата за полноправно членство.

Почитувани пратеници,

Дозволете во ова мое обраќање до вас да се задржам на едно прашање кое спаѓа во надворешно-политичката сфера, но не смее целосно да се занемари и неговата безбедносна компонента. Тоа е прашањето на процесот на дефинирање на финалниот статус на Косово.

Сите подготвителни активности од страна на меѓународната заедница се завршени и веќе на почетокот на идната година се очекува да отпочнат преговорите помеѓу Белград и Приштина со меѓународно посредништво.

Со оглед на фактот дека во изминатиот период во јавноста се пројавија дилеми кој е официјалниот став на Република Македонија и има ли разногласие на овој план, дозволете да Ви го соопштам следното:

Кои се аргументите што мора да бидат земени во предвид од наша страна:

1. Република Македонија се граничи со Косово и наш национален и државен интерес е на територијата на Косово да владее мир, стабилност, правен поредок, да функционираат институции кои ќе спроведуваат закон и ќе обезбедат почитување на меѓународните норми и стандарди. Заинтересирани сме да развиваме сестрана соработка и да развиваме пријателски односи со граѓаните и институциите на Косово.

2. Република Македонија е непосреден сосед со Србија и исто така наш национален и државен интерес е да градиме добри и пријателски односи, да развиваме соработка на сите полиња, а Србија да биде стабилна, демократска, економски просперитетна, евро и евро-атлански ориентирана држава.

3. 25% од граѓаните на Република Македонија се етнички Албанци кои имаат чувство на солидарност и подршка кон своите сонародници на Косово. Тоа чувство е логично и јас за тоа имам целосно разбирање и почит.

4. Каков и да биде финалниот статус на Косово, тој не смее ниту сега, ниту во перспектива де ги охрабри радикалните структури кои заговараат промена на границите и создавање на "големи држави", со што би бил загрозен територијалниот интегритет и суверенитет на Република Македонија. Впрочем, токму овие денови имавме прилика да слушнеме една провокативна изјава на еден партиски лидер за обединување на сите територии каде живеат Албанците.

5. Република Македонија е членка на ООН и аспирант за членство во ЕУ и НАТО Алијансата. Од тоа произлегува и директна обврска да ги почитуваме и поддржуваме усогласените ставови на меѓународната заедница по ова прашање.

Врз основа на претходно спомenатите аргументи и појдовни основи нашиот официјален став по ова прашање е:

Република Македонија го поздравува почетокот на преговорите за дефинирање на финалниот статус на Косово. Ние ќе го прифатиме и поддржиме секое решение кое ќе произлезе од тие преговори меѓу Белград и Приштина, зад кое ќе застане меѓународната заедница. Република Македонија инсистира на јасни гаранции од страна на меѓународната заедница, пред сé од Брисел и Вашингтон, за непроменливост на границите и неповредливост на територијалниот интегритет на нашата земја, сега и во иднина, без разлика каков ќе биде финалниот статус на Косово. Во тој контекст, во текот на преговорите и пред дефинирањето на финалното решение, треба да се изврши демаркацијата на границата меѓу Македонија и Косово.

Меѓународното цивилно и воено присуство на Косово треба да продолжи, без разлика кога и како преговорите ќе завршат, се додека не зајакнат институциите на Косово до таа мера што можат да гарантираат спроведување на законот на целата територија.

Ова е официјалниот став на Република Македонија, кој обезбедува заштита на нашите државни интереси и создава принципиелна основа за градење на пријателски односи во иднина и со Србија и со Косово, без разлика каков ќе биде неговиот финален статус.

Во исто време, овој наш став ја дефинира Република Македонија и како одговорен меѓународен субјект, имајќи го во предвид ставот на Контакт групата и меѓународната заедница, кој гласи: Се охрабруваат Белград и Приштина да го отпочнат процесот на преговори и со меѓународна помош да се обидат да најдат заемно прифатливо решение. Во оваа фаза не треба да се прејудицира никаква солуција за финалниот статус на Косово. Во оваа фаза е јасно дека нема враќање на статусот од пред 1999-та и нема опција за обединување со било која друга држава.

Од сето ова произлегува дека било какво истрчување или импровизации околу ова прашање може да се покажат како штетни и за нашите државни интереси и за нашиот меѓународен кредибилитет.

Почитувани пратеници,

Во текот на 2005-та година разговорите околу разликите за името на нашата земја во Њујорк добија на динамика. Посредникот Нимиц излезе со два формални предлога за надминување на спорот. Вториот, поднесен во октомври оваа година, од наша страна беше прифатен како добра основа за понатамошни преговори и конечно надминување на ова отворено прашање. На тој начин Република Македонија уште еднаш ја демонстрираше својата конструктивност и искрена желба за решавање на овој проблем.

За жал, Република Грција го отфрли овој предлог. Се надевам дека ова не е дефинитивен став и дека уште еднаш ќе биде преиспитана можноста за прифаќање на понуденото решение.

Уште еднаш ќе потенцирам дека наша цврста определба е да биде сочувано нашето уставно име и за домашна и за меѓународна употреба. Притоа, не полагаме ексклузивно право на поимот Македонија ниту во географска ниту во историска смисла.

Наша цел не е Република Грција од овој процес да излезе со чувство на пораз или повредено достоинство. Напротив, наша определба и интерес е со нашиот јужен сосед да развиваме искрени и пријателски односи, заемна почит и сестрана соработка.

Почитувани пратеници,

Минатата недела лидерите на земјите членки на Европската Унија порачаа дека Македонија е дел од заедничката европска визија. Пред 14 години бројни европски аналитичари и институции за стратешки анализи предвидуваа дека Македонија нема капацитет да опстои како самостојна држава.

Минатата недела еден грчки весник објави текст со следнава теза: „Недоделувањето на кандидатскиот статус на Македонија ќе ги загрози грчките интереси. Пред 14 години истиот тој весник порачуваше дека самото постоење на Република Македонија е неприфатливо и закана за Грција.

Минатата недела претседателот на Србија изјави дека државен интерес на Србија е Македонија да го добие кандидатскиот статус во Европската унија. Пред 14 години тогашниот претседател на

Србија предлагаше поделба на Македонија меѓу Србија и Грција.

Минатата недела, во очи на самитот во Брисел, европските социјалисти ни дадоа целосна поддршка. Пред 14 години, тогашниот претседател на Социјалистичката интернационала, тука, во Скопје ни порача: "Не може секое племе да има своја држава".

Долг е патот кој го поминавме во овие 14 години. Долг и тежок. Јас знам дека и денес имаме бројни и сериозни проблеми. Многу наши граѓани се соочуваат со сиромаштија и невработеност. И дека тие со право очекуваат не само подобра иднина туку и подобра сегашност. Тоа се проблеми што мора да се решаваат. И убеден сум дека ќе се решат. Но она што останува како трајна и неизбришлива историска придобивка е што денес Македонија е држава на здрави темели. Држава чие опстојување веќе никој не го доведува под прашање. Држава кандидат за членство во Европската унија и НАТО. Држава меѓународно почитувана и уважувана. Држава со која, навистина, може да се гордееме.

Сакам да ја искористам оваа прилика и уште еднаш да ја искажам мојата почит до сите оние што дадоа свој придонес, до поранешните претседатели на Републиката, до сите досегашни влади и парламентарни состави. Најголемата благодарност сакам да ја упатам до нашите граѓани, кои го понесоа најголемиот товар и се најзаслужни за постигнатиот успех.

Почитувани пратеници,

Сакам да ви се заблагодарам и вам на огромниот придонес што го дадовте во изминативе 3 години за да се отворат новите перспективи на Република Македонија.

Сум седел и во овие и во овие клупи и точно знам каде се добиваат вистибнските битки.

Дозволете да ви ги честитам претстојните Новогодишни и Божиќни празници и сите заедно да си посакаме многу поуспешна, посреќна, помирна и поспокојна 2006-та година.

Ви благодарам.

(Аплауз)

**Љупчо Јордановски:** Во мое и во ваше име му благодарам на претседателот на Република Македонија за неговото обраќање.

Со тоа ја заклучувам 118-та седница на Собранието на Република Македонија.

Ви благодарам уште еднаш.

(Седницата заврши со работа во 12,33 часот)